LinkAcross
Global partnerships, Local impact

ЛинкАкрос – Скопје, Подружница во РМ
Антон Попов 1/4-10
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +389 2 322 0426

# Пожарникари од 8 градови се обучуваат за пружање на интервентна прва помош во случај на несреќи на автопатиштата во Македонија

Во организација на НВО ЛинкАкрос, Дирекцијата за спасување и заштита на Република Македонија и Независниот синдикат на пожарникарите, четврта година по ред се одржува петдневна обука на пожарникарите, за пружање на интервентна прва помош кон лица кои се жртви на несреќи од различен тип: сообраќајни незгоди, незгоди од пожар, поплави, временски непогоди, и друг вид на несреќи.

Оваа година фокусот ќе биде на обука на пожарникарите кои работат во станиците низ Македонија кои гравитираат во близина на патните магистрали. Вкупно 16 пожарникари од 8 градови ќе бидат присутни на обуката која се одржува од 7 до 11 мај, во просториите на противпожарната служба во Автокоманда. Пожарникарите од Скопје, Тетово, Куманово, Гостивар, Кичево, Велес, Валандово и Гевгелија ќе вежбаат и ќе се обучат на теми како што се: пренесување на повреден човек, срцево-белодробно оживување, употреба на дефибрилатор (АЕД), шанцова кравата и користење на Амбу маска, имобилизација на повреден екстремитет, хајмлихов зафат, опструкција на дишните патишта, завој и преврски, повреди кај бебиња и деца, и многу други важни теми.

Обуката ќе ја спроведат искусни сертифицирани македонски пожарникари, со асистенција од четири врвни американски инструктори кои работат активно како пожарникари и медицински лица од американската брза помош.

Овој проект на обука на пожарникари започна во 2015 година. До сега се обучени 61 пожарникар и сертифицирани се 5 македонски инструктори.

Видео како најава за овој проект: https://youtu.be/MU9uTAVUhPU